# Прирачник за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни



МИНИСТЕРСТВО ЗА
ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

U N
D P
Unitet Nations
Development Programme

*декември 2011*

# Содржина


1. **Цел на прирачникот** .......... 3
2. **Закони и подзаконски акти** .......... 3
3. **Потребни услови за лиценцирање на понудувачите на услуги за образование на возрасни** .......... 4
   - 3.1. Обезбедување квалитет од страна на установите и институциите за образование на возрасни .......... 4
   - 3.2. Понудувачот на услуги води/обезбедува документиран систем на квалитет според критериумите на Државниот просветен инспекторат и го употребува за да ги постигне своите програмски цели .......... 4
   - 3.3. Понудувачот на услуги го обезбедува и усовршува кадарот за да ги постигне поставените програмски цели .......... 5
   - 3.4. Понудувачот на услуги има соодветни просторни услови, наставни средства и помагала за реализација на соодветните програмски активности .......... 5
   - 3.5. Редовно информирање на Министерството за образование и наука од страна на установата/институцијата за образование на возрасни .......... 6
4. **Поднесување барање за лиценцирање на установите и институциите за образование на возрасни кои нудат посебни програми за образование на возрасни кои водат до стручни квалификации** .......... 6
   - 4.1. Разгледување на документацијата на установите и институциите за образование на возрасни .......... 9
   - 4.2. Постапки за донесување решение за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни .......... 9
   - 4.3. Инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат .......... 10
   - 4.4. Повлекување на решение за лиценцирање на установите и институциите за образование на возрасни .......... 11
5. **Пополнување на барањето за лиценцирање и изготвување на елаборатот** .......... 11
   - 5.1. Барање за лиценцирање .......... 11
   - 5.2. Елаборат .......... 12
6. **Прилог**
   - 6.1. Прилог 1: Дефиниции на поими .......... 13


МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Unitet Nations Development Programme

## 1. Цел на прирачникот

Целта на прирачникот за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни (понудувачи на услуги) е да им помогне, насочи и да ги поддржи установите и институциите во процесот на лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни. Прирачникот, барањето за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни, како и другите документи за лиценцирање можат да се најдат на интернет страницата на Министерството за образование и наука на Р. Македонија www.mon.gov.mk и на ЈУ Центар за образование на возрасни www.cov.gov.mk. Сите дополнителни прашања за лиценцирање на установи/институции за образование на возрасни може да се упатат до Секторот за основно и средно образование при Министерството за образование и наука.

## 2. Закони и подзаконски акти

Лиценцирањето на установи и институции за образование на возрасни е согласно:

- Законот за образование на возрасни (Службен весник на Р. Македонија бр.7/08, 17/11, 51/11);
- Правилникот за содржината и формата на документацијата и евиденцијата која ја водат установите и институциите за образование на возрасните;
- Правилникот за називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасни;
- Правилникот за начинот и формата за водење на централниот регистар и општинскиот регистар за институциите и установите кои реализираат програми за образование на возрасните (Службен весник на Р. Македонија бр. 37/10);
- Правилникот за начинот на верификација на посебните програми за образование на возрасните (интерен акт, донесен од управен одбор);
- Правилникот за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за следење на програмата за образование на возрасните (донесен од директорот на Центарот за образование на возрасни);
- Правилникот за стандардите, просторот и опремата на установите и институциите за образование на возрасните (донесен од министерот за образование и наука), како и одредбите од Законот за основното образование, Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за високо образование и одредбите од подзаконските акти кои ги уредуваат стандардите за простор и опрема за основното, средното и високото образование и Нормативите за наставни средства и помагала за струките во средното четиригодишно стручно образование

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Unitet Nations Development Programme

# 3. Потребни услови за лиценцирање на понудувачите на услуги за образование на возрасни

## 3.1. Обезбедување квалитет од страна на установите и институциите за образование на возрасни

- Понудувачите на услуги за образование на возрасни имаат дефинирано развојни цели во согласност со националните приоритети во образованието и образованието на возрасни;
- Понудувачот на услуги за образование на возрасни комуницира со надлежните институции, локалната самоуправа и учесниците во програмите со цел да се понуди поквалитетна услуга и поефективно остварување на предвидените цели;
- Понудувачот на услуги за образование на возрасни има воведено механизми за евалуација на постигнатите цели од програмските активности и врз основа на добиените сознанија од евалуацијата го планира развојот на идните програмски активности;
- Понудувачот на услуги за образование на возрасни редовно ја следи реализацијата на програмските активности и го подобрува квалитетотна програмските активности и го подобрува квалитетот на програмските активности.

## 3.2. Понудувачот на услуги води/обезбедува документиран систем на квалитет според критериумите на Државниот просветен инспекторат и го употребува за да ги постигне своите програмски цели

- Понудувачот на услуги има дефинирани структури на управување, поделени одговорности и функции;
- Понудувачот на услуги има дефинирани организациски структури, поделени одговорности во делот на менаџирањето, финансиското работење, наставниот кадар, административниот и помошниот персонал;
- Понудувачот на услуги систематски спроведува документиран систем на квалитет според критериумите на Државниот просветен инспекторат и постојано го подобрува наставниот процес;
- Понудувачот на услуги работи според пропишаните законски регулативи во областа на финансиското работење.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Unitet Nations Development Programme

## 3.3. Понудувачот на услуги го обезбедува и усовршува кадарот за да ги постигне поставените програмски цели

- Понудувачот на услуги ангажира кадар кој има соодветна стручна и андрагошка подготовка стекната на формален или на неформален начин;
- Понудувачот на услуги со наставниот кадар склучува договори во кој се дефинирани обврските и одговорностите, како и условите за работа. Понудувачот на услуги се грижи за развој на знаењата, вештините и компетенциите на својот кадар и преку тоа обезбедува поквалитетна настава.

## 3.4. Понудувачот на услуги има соодветни просторни услови, наставни средства и помагала за реализација на соодветните програмски активности

- Понудувачот на услуги ги има обезбедено пропишаните просторни услови, наставни средства и помагала според бројот на учесниците во програмските активности согласно Правилникот за стандардите, за просторот, опремата на установите и институциите за образование на возрасни и одредбите од Законот за образование на возрасни, Законот за основното образование, Законот за средно образование, Законот за стручно образование и обука, Законот за високо образование и одредбите од подзаконските акти кои ги уредуваат стандардите за простор и опрема за основното, средното и високото образование и Нормативите за наставни средства и помагала за струките во средното четиригодишно стручно образование, кои можат да се најдат на интернет страницата на Центарот за стручно образование и обука: www.csoo.edu.mk.
- Посебните програми за образование на возрасните се реализираат во просториите на понудувачите на услуги кои се изградени и опремени во согласност со стандардите утврдени со Правилникот за стандардите, за просторот, опремата на установите и институциите за образование на возрасни и Нормативите за наставни средства и помагала за струките во средното четиригодишно стручно образование. Просториите во кои се реализираат програмите за образование на возрасните треба да се во сопственост на понудувачите на услуги или, пак, изнајмени.
- Понудувачите на услуги треба да имаат простории за изведување теоретска и практична настава или практичната настава може да се изведува во компании со претходно склучен договор меѓу двете страни.
- Понудувачот на услуги ги исполнува пропишаните регулативи за заштита и заштита на здравјето на вработените и учесниците во наставните активности и е должен да прибави решение од соодветни институции за задоволување на минималните технички и хигиенски услови на просторот во кој се реализира образование на возрасни.

### 3.5. Редовно информирање на Министерството за образование и наука од страна на установата/институцијата за образование на возрасни

Понудувачот на услуги го информира Министерството за промена на просторните услови во рок од 15 дена од настанатата промена

- Понудувачот на услуги доставува годишен извештај до Министерството за образование и наука за резултатите од спроведената внатрешна евалуација, која се спроведува според определени критериуми од страна на Центарот за образование на возрасни.

## 4. Поднесување барање за лиценцирање на установите и институциите за образование на возрасни кои нудат посебни програми за образование на возрасни кои водат до стручни квалификации

Установите и институциите за образование на возрасни кои нудат посебни програми за образование на возрасни кои водат до стручни квалификации, а сакаат да бидат лиценцирани понудувачи на услуги во областа образование на возрасни треба претходно да се запознаат со процедурата за лиценцирање преку овој прирачник и барањето за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни. Тие се поставени на интернет страницата на Министерството за образование и наука на Република Македонија: www.mon.gov.mk и ЈУ Центар за образование на возрасни www.cov.gov.mk.

Лиценцирањето на установите и институциите за образование на возрасни се врши врз основа на исполнетоста на стандардите за квалитет, стандардите за простор и опрема, врз основа на доставената/верификувана посебна програма за образование на возрасни до/од Центарот за образование на возрасни. Лиценцата ќе се издава по струки за посебни програми за образование на возрасни кои водат до стручни квалификации во согласност со Националната класификација на занимања од 2011 година (поставена на интернет станицата на Државниот завод за статистика www.stat.gov.mk) во следните области/струки:

- Економско-правна и трговска струка
- Здравствена струка
- Текстилно-кожарска струка
- Графичка струка
- Електротехничка струка
- Лични услуги
- Угостителско-туристичка струка
- Шумарско-дрвопреработувачка струка
- Градежно-геодетска струка
- Земјоделско-ветеринарна струка
- Сообраќајна струка
- Спортска гимназија
- Геолошко-рударска и металуршка струка
- Хемиско-технолошка струка
- Машинска струка

Доколку една установа/институција за образование на возрасни има лиценца за одредено занимање или образовен профил од соодветна струка (врз основа на верифицирана посебна програма) и од Центарот за образование на возрасни побара верификација за друга посебна програма која води до стручна квалификација од истата струка, но за друго занимање или образовен профил, а за која се потребни различни стандарди за опрема за реализација на програмата, во тој случај повторно ќе се провери исполнетоста на условите и стандардите од страна на Министерството за образование и наука.

Установите и институциите за образование на возрасни кои сакаат да нудат посебни програми за образование на возрасни кои водат до стручни квалификации треба до Министерството за образование и наука по пошта или директно до архивата да ги доставаат следниве документи во пет примероци (еден оригинал и четири копии):

- Барање за лиценцирање (структурата на барањето е објаснета во точка 5.1. на овој прирачник);
- Документ за регистрирана дејност, издаден од Централен регистар на Р Македонија;
- Статут на установата/институцијата за образование на возрасни;
- Елаборат (структурата на елаборатот е објаснета во точка 5.2. од овој прирачник);
- Податоци за просторот и опремата: докази за сопственииштво/изнајмување, докази за урбанистичките услови и структурата на просторот;
- Уплатница за извршена уплата на надомест за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни, на сметка на Министерството за образование и наука (информации околу тоа се поставени на интернет страницата на Министерството за образование и наука).
- Решението за верификација на посебната програма за образование на возрасни до Министерството за образование и наука го доставува Центарот за образование на возрасни, а не установата/институцијата за образование на возрасни.

По приемот на документацијата Министерството за образование и наука ги разгледува доставените документи и проверува дали истите се комплетни, дали пополнетите формулари и копиите од потребната документација нудат доволно информации потребни за процесот на лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни и врз основа на тоа донесува одлука дали документите ќе бидат дадени на Комисијата за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни или, пак, ќе му бидат вратени на понудувачот на услуги за образование на возрасни. Доколку документите не се целосни, односно не се комплетни, во рок од 10 дена, по писмен пат се известува понудувачот на услуги за образование на возрасни да ја достави дополнителната потребна документација. Понудувачот на услуги е должен по приемот на известувањето во рок од 8 дена да ја докомплетира документацијата и повторно да ја достави до Министерството за образование и наука.

Датумот кога документацијата официјално е прифатена од страна на Министерството за образование и наука е датум од кој почнува да се смета рокот од 60 дена, во кој е предвидено издавање решение за лиценцирање на установата/институцијата за образование на возрасни од страна на Министерството за образование и наука на Р Македонија.

## 4.1. Разгледување на документацијата на установите и институциите за образование на возрасни

По приемот на документите од страна на Министерството за образование и наука, тие се предаваат на Комисијата за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни, која се состои од четири члена, (еден од Министерството за образование и наука, еден од Центарот за образование на возрасни и Државниот просветен инспекторат, а четвртиот член се избира во зависност од видот на посебната програма (струка, профил, занимање) од редовите на Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, локалната самоуправа доколку основач на установата е локалната самоуправа, универзитет, социјалните партнери и стручни лица, чии квалификации овозможуваат стручно разгледување на доставената документација за лиценцирање. Претседател на Комисијата е член од Министерството за образование и наука. Комисијата има задача во рок од 60 дена, според увидот во доставената документација, мислењето за верификација на посебната програма за образование на возрасни доставено од страна на Центарот за образование на возрасни и извршената посета во просториите на понудувачот на услуги, да достави мислење до министерот за образование и наука.

Во оваа фаза Министерството за образование и наука може да бара од понудувачот на услуги за образование на возрасни дополнителни информации за установата/институцијата. Понудувачот на услуги е должен да ги достави сите барани информации во определениот рок од страна на Министерството за образование и наука.

## 4.2. Постапки за донесување решение за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни

Комисијата за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни ја анализира доставената документација и го оценува квалитетот на установата/институцијата за образование на возрасни. Секој член на Комисијата ја анализира документацијата и оценува дали се исполнети дефинираните стандарди. Доколку по анализа на документацијата установата/институцијата за образование на возрасни ги исполнува условите, се врши увид во работата на установата/институцијата за образование на возрасни.

Министерството за образование и наука има обврска да ја информира установата/институцијата усно или писмено 15 дена пред планираната посета.

Установата/институцијата при увидот во работата е должна на Комисијата да ѝ ги обезбеди сите барани податоци, како и слободен пристап и увид во наставниот процес и во процесот на управување.

По прегледот на документацијата и извршениот увид, претседателот на Комисијата во рок од 8 дена доставува извештај до министерот за образование и наука за исполнетоста на стандардите и условите и мислење за лиценцирање кое ги содржи следните елементи:

- анализа и оценка за исполнетоста на стандардите и условите на работа на установата/институцијата за образование на возрасни;
- недостатоци во поглед на исполнетоста на стандардите и условите за работа на установата/институцијата за образование на возрасни;
- предлози и сугестии за подобрување на условите за работа на установата/институцијата за образование на возрасни.

Врз основа на доставениот извештај од Комисијата за лиценцирање на установи и институции за образование на возрасни министерот за образование и наука му издава на понудувачот на услуги решение за лиценцирање за вршење на дејност од областа образование на возрасни. Понудувачите на услуги на кои не им се издава решение за лиценцирање писмено се известуваат за причините за одбивање за издавање решение за лиценцирање со предлози за подобрување на стандардите и условите за работа на установата/институцијата за образование на возрасни.

Решението за лиценцирање за вршење дејност од областа образование на возрасни се издава за времетраење од 5 (пет) години.

Лиценцираните понудувачи на услуги се запишуваат во Регистарот за установи и институции за образование на возрасни, кој го води Министерството за образование и наука и во Општинскиот регистар на установите и институциите за образование на возрасни кои реализираат јавно признати програми за образование на возрасни.

## 4.3. Инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат

Државниот просветен инспекторат врши инспекциски надзор и надзор над квалитетот на работата на лиценцираната установа/институција за образование на возрасни. Инспекцискиот надзор се спроведува според дефинирани критериуми од страна на Министерството за образование и наука и се спроведува од овластени лица од Државниот просветен инспекторат.

## 4.4. Повлекување на решение за лиценцирање на установите и институциите за образование на возрасни

Врз основа на добиените информации и извештаи од извршениот инспекциски надзор од страна на Државниот просветен инспекторат за квалитетот на работата на лиценцираната установа/институција за образование на возрасни, Министерството за образование и наука може да донесе решение за повлекување/одземање на лиценцата за вршење дејност од областа образование на возрасни. Министерството за образование и наука треба да и достави на установата/институцијата подетални објаснувања за причините за предвремено повлекувањето на решението за лиценцирање за вршење дејност од областа образование на возрасни.

Три месеци пред истекување на лиценцата за вршење дејност од областа образование на возрасни установата/институцијата за образование на возрасни доставува до Министерството за образование и наука барање за ре-лиценцирање. Кон барањето за ре-лиценцирање се доставуваат и документи, кои се објавени на интернет страницата на Министерството за образование и наука.

# 5. Пополнување на барањето за лиценцирање и изготвување на елаборатот

## 5.1. Барање за лиценцирање

Барањето за лиценцирање за образование на возрасни ги содржи следните податоци:

1. Назив на установата/институцијата за образование на возрасни
2. Телефонски број, адреса на е-пошта, адреса и општина
3. Статус (вид на установа/институција за образование на возрасни: државна, јавна, приватна, невладина и сл.)
4. Број на учесници во образование на возрасни (годишно)
5. Број на постојано вработени наставници/обучувачи
   - Број на хонорарно ангажирани наставници/обучувачи
   - Број на стручни соработници
   - Број на административно-финансиски работници
   - Број на одржувачи на хигиена
   - Број на други работници
6. Основач на установата/институцијата за образование на возрасни
   - Назив на основачот
   - Седиште
   - Број и датум на актот на основање
7. Простор за вршење на дејноста
   - вкупна површина (во м$^2$)
   - вкупен број на:
     училници, кабинети, други простории

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

UNDP
Unitet Nations Development Programme

8. Опрема: краток опис на поважната опрема
   Се доставува листа на поважната опрема и нејзина моментална вредност.
9. Изјава. Со изјавата директорот
   - ја потврдува точноста на информациите содржани во формуларот и елаборатот
   - потврдува дека елаборатот е пополнет согласно Прирачникот за лиценцирање на установи/институции за образование на возрасни
   - дека се исполнети сите потребни стандарди и услови за спроведување на програмата
   - се согласува да се врши увид во работењето на установата/институцијата од надлежните институции
10. Име и презиме на директорот, потпис и печат на установата/институцијата

## 5.2. Елаборат

Елаборатот ги содржи следните елементи:

- Визија на установата/институцијата за образование на возрасни
- Мисија на установата/институцијата за образование на возрасни
- Профил на установата/институцијата за образование на возрасни
- Примарна цел на образовната дејност на установата/институцијата за образование на возрасни
- Специфични цели и начини на нивно постигнување
- Обврски на установата/институцијата и на наставниците/обучувачите во постигнување на целите
- Вид и број на програми кои се спроведуваат во установата/институцијата за образование на возрасни
- Вид и број на програми за образование на возрасни кои се спроведуваат во установата/институцијата за образование на возрасни
- Наставен кадар (постојано и хонорарно вработени)
- Организација на наставата за образование на возрасни
- Просторно-технички услови и опрема за реализација на програмите за образование на возрасни
- Исполнетост на законските регулативи за спроведување на образование на возрасни
- Органи за установата/институцијата за образование на возрасни, внатрешна организација
  - Управен одбор
  - Раководење и управување на установата/институцијата за образование на возрасни

# 6. Прилог

## 6.1. Прилог 1: Дефиниции на поими (според Законот за образование на возрасни на Република Македонија и терминологијата на CEDEFOP[1]):

| | |
|---|---|
| Верификација на образовни програми | Процес на осигурување на квалитетот преку доделување на верификација на образовна програма, која потврдува дека програмата е проверена од релевантни професионални институции според законски регулативи и ги исполнува дефинираните стандарди. |
| Доживотно учење | Сите образовни активности преземени во текот на животот кои резултираат со подобрување на знаењето, вештините, компетенциите и/или квалификациите за личен, социјален и професионален развој. |
| Информално образование | Учење кое резултира од секојдневни активности поврзани со работа, фамилија или слободно време. Не е организирано или структурирано во однос на цели, времетраење и поддршка во образовниот процес. Информалното учење во многу случаи е ненамерно од страна на учесникот. |
| Квалификација | Документ (обично наречен „сертификат“ или „диплома“) издаден од овластено тело, кое потврдува дека индивидуата или ја завршила образовната програма или постигнала одредено ниво на компетенција во одредена струка. |
| Клучни компетенции | 1) Комуникација на мајчин јазик<br>2) Комуникација на странски јазици<br>3) Нумерички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата<br>4) Дигитални компетенции<br>5) Рационално учење<br>6) Социјални и граѓански компетенции<br>7) Претприемачки компетенции<br>8) Културна свест и изразување |

[1] CEDEFOP: European guidelines for validating non-formal and informal learning, Office for Official Publications of the European Communities, Luxembourg 2009

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Unitet Nations Development Programme

| | |
|---|---|
| Компетенција | Способност образовните резултати адекватно да се употребат во дефиниран контекст (образовен, на работно место, личен или професионален развој). |
| Настава на далечина | Образование или обука пренесено на далечина преку комуникациски медиуми: книги, радио, телевизија, телефон, кореспонденција, компјутер или видео. |
| Наставник во образование на возрасни | Лице кое има статус на наставник во образование на возрасни според законските регулативи и/или праксата во одредена земја. |
| Неформално образование | Образование кое вклучува планирани активности кои не се експлицитно означени како учење ( во однос на образовни цели, времетраење или поддршка при учење). Неформалното образование се случува со намера на учесникот во образованието. |
| Образование на возрасни | Целокупен спектар на образовни активности од областа на формално, неформално и информално образование, кои се преземени од страна на возрасни лица по пауза од напуштање на иницијалното образование и обука и кои резултираат со усвојување на нови знаења и вештини.<br><br>***Забелешка***: Ова го вклучува и високото универзитетско образование ако е почнато по пауза од завршување на иницијалното образование и обука. |
| Образовни резултати | Образовните резултати се искази со кои се изразува што учесникот треба да знае, разбира и/или да биде во состојба да демонстрира по завршување на програмата. |
| Обука на работно место | Стручна обука спроведена во нормална работна ситуација. Може да биде составена само од обука на работно место или комбинирана со обука која не се спроведува на работно место. |
| Обучувач во образование на возрасни | Лице кое работи со возрасни учесници на усвојување на практично знаење или вештини и чија експертиза не мора задолжително да е стекната преку формални квалификации. |
| Парцијални квалификации | Дел од квалификација која се стекнува со програми кои се организираат заради усовршување, дополнување, |

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Unitet Nations Development Programme

| | |
|---|---|
| Признавање на образовни резултати | Признавање на образовните резултати: Потврда од една релевантна институција или орган дека биле утврдени образовните резултати (знаења, вештини и/или компетенции), кои едно лице ги стекнало во формален, неформален или информален контекст, според утврдените критериуми, и дека ги исполнуваат поставените стандарди за признавање. Признавањето обично води кон сертификација. |
| Рамка на квалификации | Инструмент за развој и класификација на квалификации (на пр. на национално или секторско ниво) според критериуми (на пример употребувајќи дескриптори) применливи на одредени нивоа на образовни резултати. |
| Сертификат | Сертификат е документ со кој се потврдува завршувањето на одредена посебна програма за образование на возрасни. |
| Сертификација | Сертификација на образовните резултати: процес со кој формално се потврдува дека одредени образовни резултати (знаења, вештини и/или компетенции кои ги стекнало едно лице се оценуваат и признаваат од надлежна институција според претходно утврдени стандарди. Сертификацијата води кон издавање сертификат, диплома или титула |
| Стандард на занимање | Стандард на занимање е документ за определување на видот на занимањето, нивото и барањата на работата и потребните компетенции, знаења и вештини. |
| Стручна квалификација | Работна, односно стручна оспособеност за извршување на одредено занимање или на дел од занимањето, која се стекнува врз основа на верифицирани делови од образовна програма. |
| Стручно образование и обука | Образование и обука кои имаат за цел да им овозможат на луѓето знаење, вештини и/или компетенции потребни во одредено занимање или пошироко на пазарот на трудот. |
| Установа/институција за образование на возрасни | Организација или индивидуа која спроведува образовни активности за возрасни. |

| | |
|---|---|
| Учесник во образование на возрасни | Учесник е лице кое се вклучува во образовните програми за возрасните а претходно ги исполнило условите во поглед на претходното задолжително образование и други лица кои се образуваат а немаат статус на ученик. |
| Формално образование | Образование кое се спроведува во организирана и структурирана средина (на пример во образовна или обучувачка институција или на работно место) и е експлицитно назначено како учење (во однос на целите, времетраењето и ресурсите). Формалното образование се случува со намера на учесникот и вообичаено води кон верификација и сертификација. |